# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 06 Ноември 2018 година Број 16/2018 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување за измена и дополнување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш број 08-1199/1 од 11.07.2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш, број 08-1199/1 од 11.07.2018 година, број 08-1756/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 05.11.2018 год.

Бр. 09-1756/2 Градоначалник на
06 Ноември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/2015), член 4 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш. Советот на општина Радовиш на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

## О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш број 08-1199/1 од 11.07.2018 година

Член 1

Се менува и дополнува Одлуката број 08-1199/1 од 11.07.2018 година со која советот на општина Радовиш дава гаранција за задолжување на ЈП„Плаваја„ Радовиш со нов под-заем за продолжување на „Проектот за водовод и канализација на општините во Република Македонија Фаза 1-Чекор 2„.

Се менува член 1 став 3 алинеа 1 каде: наместо грејс период од 10 години се менува во:„ грејс период од 1 година„.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1756/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЗКХО на Турците од Источна Македонија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на ЗКХО на Турците од Источна македонија број 08-1757/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 05.11.2018 година

Бр. 09-1757/2 Градоначалник на
06 Ноември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЗКХО на Турците од Источна Македонија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЗКХО на Турците од Источна Македонија, во висина од 120.000,00 денари за обезбедување патни трошоци за делегација која ќе присуствува во Република Турција на повеќедневни настани по повод од одбележувањето на деновите на Кемал Ататурк .

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1757/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Јанчо Анчев од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на Јанчо Анчев од Радовиш, број 08-1758/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

Бр. 09-1758/2 Градоначалник на
06 Ноември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Јанчо Анчев од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на на Јанчо Анчев од Радовиш
во висина од 30.000,оо денари за опожарена куќа.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1758/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за доделување
Шестоноемвриски признанија
и плакети за 2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката доделување Шестоноемвриски признанија и плакети за 2018 година, број 08-1759/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

Бр. 09-1759/2 Градоначалник на
06 Ноември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа, член 5 и 8 став 2 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08-262/1 од 08.07.1997 година, како и двете измени и дополнување на Одлуката број 07-1470/1 од 20.08.2010 година и број 07-990/1 од 20.05.2013 година, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

О Д Л У К А
За доделување Шестоноемвриски признанија и плакети за 2018 година

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат **Шестоноемвриски плакети** на:

- ДПТУ БУЧИМ ДОО Радовиш ;
-Полициска станица од општа надлежност Радовиш;
-АРМОР Секјуриту;
-ЗГ Експериенце Проект;
-ЗГ ЗКХО на Турците од Источна Македонија;
-ЗГ ДЛУР Рада;
-ФА Китка;
-ЗГ на пензионери од Радовиш и Конче;
-БК Бучим;
-Верица Ценева;

**Признанија** на:

- Трајчо Ангелов 15.000 денари;
-Александар Стојанов15.000 денари;
-Благица Лазарова 5.000 денари;
-Јана Јованова 7.000 денари;
-Јовица Илиќ 5.000 денари;
-ФК Раклиш 2015 Сениори;

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1759/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1760 /1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 05.11.2018 година

Бр. 09-1760/2 Градоначалник на
06 Ноември 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 05.11.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на **05.11.2018** година и тоа:

-Комисија за награди и признанија, 3-та седница одржана на 26.10.2018 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1760/1 Совет на општина Радовиш
05 Ноември 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА :

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување за измена и дополнување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш број 08-1199/1 од 11.07.2018 година ----------------------------------- 1
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш број 08-1199/1 од 11.07.2018 година ------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЗКХО на Турците од Источна Македонија------------------------------------------- 1
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЗКХО на Турците од Источна Македонија ----------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Јанчо Анчев од Радовиш -------- 2
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Јанчо Анчев од Радовиш --------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за доделување Шестоноемвриски признанија и плакети за 2018 година ------------------------------------------ 2
ОДЛУКА За доделување Шестоноемвриски признанија и плакети за 2018 година --------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш --------------------------------------------- 3
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш -------------------------------------------- 3